Собранието на АД ГРОЗД Струмица на својата седница одржана на ден 14.12.2017 година донесе:

Акционерско друштво за производство и промет на алкохолни и безалкохолни пијалоци ГРОЗД
Бр. 0202-2518
14.12 201 7 год.
Струмица

# ОДЛУКА

*За отуѓување на недвижен имот и одобрување на зделка со заинтересирана страна*

Да се отуѓат недвижностите сопственост на АД ГРОЗД Струмица кои се наоѓаат на КО Струмица:

I. Земјиште запишано во Имотен лист бр. 50043 КО Струмица

- КП. Бр. 48/21 мв. Вон Град КО Струмица, ГНЗ со површина од 1366 м2 за купопродажна цена од 2.049.000,00 денари.

Купопродажната цена е утврдена од овластен проценител ДПТУ Брокер Консалтинг ДООЕЛ Струмица со Извештај за извршена проценка на пазарна вредност на недвижен имот за КП. Бр. 48/21 КО Струмица бр. 020/1/17 од 30.05.2017 година.

- КП. Бр. 48/22 мв. Вон Град КО Струмица, ГНЗ со површина од 2525 м2 за купопродажна цена од 3.787.500,00 денари.

Купопродажната цена е утврдена од овластен проценител ДПТУ Брокер Консалтинг ДООЕЛ Струмица со Извештај за извршена проценка на пазарна вредност на недвижен имот за КП. Бр. 48/22 КО Струмица бр. 020/1/17 од 30.05.2017 година.

Се одобрува отуѓување на горенаведените недвижности КП. Бр. 48/21 и КП. Бр. 48/22 КО Струмица запишани во Имотен лист бр. 50043 за КО Струмица на заинтересираната страна како купувач Васе Митев, бидејќи заинтересираната страна има во сопственост земјиште кое граничи со земјиштето што е предмет на оваа одлука и дел од истото влегува во градежната парцела на заинтересираната страна.

Согласно последниот извештај од ревизијата на финансиските извештаи за 2016 година изработени од ТП Ревизија Трејд Витанов, вредноста на зделката што е предмет на одобрување на оваа одлука односно кумулативната вредност на меѓусебно поврзани зделки во текот на изминативе 12 месеци не изнесува 10% и повеќе од активата на АД ГРОЗД Струмица, поради што нема потреба од примена на членот 460 – а од Законот за трговски друштва.

АД ГРОЗД Струмица
Собрание
Претседавач:
____________________
Соња Варгалакова